**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-887/16
**16.07.2018 година**

Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, член 28 од Статут на својата прва, конститутивна седница одржана на 16.07.2018 ја донесе следната

**О Д Л У К А**

-За работниот текст на Законот за здравство на РМ-

**Член 1**

Извршниот одбор на Стоматолошка комора е со став дека работниот текст на Законот за здравствена заштита на РМ во кој што се внесени забелешките доставени од учесниците во Работната група на Министеството за здравство, е премногу опширен и оптоварен со регулатива што може да се имплементира во други законски решенија.

**Член 2**

Пред Министерството за здравство да се излезе со Барање заедно со Лекарска и Фармацевтска комора на Македонија, Законот за здравствена заштита на РМ да се изготви по друг концепт односно по теркот на Законите за здравствена заштита на Хрватска, Словенија, Бугарија или Австрија кои како членки на ЕУ ги имаат имплеметирано сите препораки на ЕУ за носење на наведената регулатива .

Имајќи предвид дека Република Македонија е во фаза на претпристапни договори со ЕУ, целта е да се изготви концизно и јасно дефинирано законско решение според критетиумите на ЕУ.

**Член 3**

Стоматолошката Комората е со став, Законот за здравствена заштита на Македонија да послужи само како основа врз која ќе се изготват Закони за стоматолошка, докторска односно фармацевтска дејност.

**Член 4**

Одлуката на Извршниот Одбор на СКМ донесена на одржаната седница на 16.07.2018 година да послужи како основа за водење на преговори со Министерството за здравство на РМ по однос на измените и дополнувањата на Законот за здравство.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

Претседател на Извршен одбор на СКМ

**Д-р Мирилинд Селими**